**Известување за концентрација со која Арикома Дигитал с.р.о. Република Чешка ќе стекна контрола над одреден имот на Групацијата ЦЦА а.с., Република Чешка**

**(предмет бр. 08-163/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 20.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Групацијата ККЦГ, преку нејзиното зависно друштво Арикома Дигитал с.р.о. (Aricoma Digital s.r.o.) со седиште на Винохрадска 1511/230, 100 00 Прага 10, Република Чешка, има намера да стекне целосна индиректна контрола над одреден имот на Групацијата ЦЦА а.с. (CCA Group a.s.) со седиште на Климентска 1652/36 , Ново Место, 110 00 Прага 1, Република Чешка.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Арикома Дигитал с.р.о. е дел од Групацијата Арикома и се фокусира на дигитализација на владините услуги, при што го применува своето знаење за процесите и законодавството, како и најновите знаења од областа на развој на софтвер, сајбер безбедност, заштита на податоци или вештачка интелигенција. Арикома припаѓа на Групацијата ККЦГ.

Групацијата ККЦГ инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, Групацијата ККЦГ е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштво за информатичка технологија АВЕНГА ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации АВЕНГА Академи ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;
- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

Трансакцијата е во врска со стекнување на целосна контрола над одреден имот на Групацијата ЦЦА а.с. (CCA Group a.s.) со седиште на Климентска 1652/36 , Ново Место, 110 00 Прага 1, Република Чешка (Klimentská 1652/36, Nové Město, 110 00 Praha 1, Czech Republic), чија приоритетна дејност се ИТ услуги, софтвери по барање на клиенти, развој на услуги и апликации, поддршка на клиенти и сајбер безбедност со фокус на клиенти од јавниот сектор во Република Чешка.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како пазар на услуги од информатичка технологија („ИТ“) во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

24.11.2025 година

Скопје